**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-1789/**

# З А П И С Н И К

**Од 273.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 14.03.2025 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-р Ристе Панов**(скајп)**,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски**(скајп)**,Селпин Керим,Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
/

Седницата започна во 15.10 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните, и пердложи измена во истиот.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предлогот и едногласно го усвои.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 271.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување на можности и решенија околу распишување на јавен конкурс за избор на членови на Надзорен одбор на ЈРП МРТ.

3. Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на Записникот од 272.седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 272.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 272.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ по извршеното гласање едногласно **го усвои** записникот од 272.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување на можности и решенија околу распишување на јавен конкурс за избор на членови на Надзорен одбор на ЈРП МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац на почетокот на своето излагање по оваа точка ги објасни проблемите со кои се соочува МРТ при редовното функционирање, а исто така и законските можности со кои се ограничува изборот на нови членови на Надзорниот одбор на МРТ.Исто така Претседателката напомена дека на една од предходните седници е побарано до Собранието на РСМ автентично толкување на законските одредби дали да се распише јавен конкурс но во меѓувреме не е добиен никаков одговор.
Во консултации со Директорот на ЈРП МРТ и во однос на ризиците со кои ќе се соочи МРТ бидејќи мандатот на Надзорниот одбор на МРТ му е истечен предлагаме да доставиме уште едно Известување до Собранието на РСМ дека ќе распишеме конкурс за нов Надзорен одбор, а ако во меѓувреме се избере нов состав на Програмски совет на МРТ да си продолжи со постапката за избор на членови на Надзорниот одбор новиот состав.

После расправата по оваа точка беше предложен следниов **Заклучок:**
● Програмскиот совет на МРТ пред да објави јавен конкурс за избор на членови на Надзорен одбор на МРТ уште еднаш да го извести Собранието на РСМ преку допис, а на наредна седница да одлучува по Одлука за објавување на јавен конкурс за избор на членови на Надзорен одбор.
-Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Предмет: Известување за објавување на конкурс

Почитуван Претседател г-дин Африм Гаши,

Програмскиот совет на Македонската радио телевизија до Вас Собранието на РСМ има поднесено Барање за автентично толкување на одредби од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), заведено со наш арх.бр.03-1075/1 од 10.02.2025 година и истото Барање е примено во архивата на Собранието на Република Северна Македонија истиот ден односно на 10.02.2025 година.
Барањето беше поднесено со цел да се обезбеди јасност со правилна законска примена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и да се избегнат различните правни толкувања во врска со надлежноста дали сегашниот состав на Програмскиот совет на МРТ има законско овластување да може да објави јавен конкурс и да изврши избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ. Од Ваша страна заклучно со ден 17.03.2025 година, се уште не ние одговорено по нашето Барање, односно нема објавено автентично толкување.
На ден 04.03.2025 година на Надзорниот одбор на МРТ им истече мандатот согласно членот 125 став 4 од ЗААВМУ, со што во моментот ЈП Македонската радио телевизија работи без Надзорен одбор. Оваа состојба може да предизвика последици по функционирањето на МРТ, бидејќи нема да се исполнуваат надлежностите на Надзорниот одбор, а со тоа би имало последици особено со финансиското работење на јавниот сервис.

Затоа, Ве известуваме дека Програмскиот совет на МРТ, врз основа на член 124 став 1 точка 4 и член 125 став 2 од ЗААВМУ, ќе распише јавен Конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ, се со цел да не ја доведеме во прашање функционирањето на Македонската радио телевизија под несакани околности без Надзорен одбор.
Ви благодариме однапред за вашето внимание и посветеност за оваа важно прашање за сите нас.

**ТОЧКА3:Разно.**
По оваа точка од дневниот ред не се одржа расправа.

Седницата заврши во 16.30 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

________________________________

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател